РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-370/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Предметот заведен под број 09-370/1 од 24.01.2024 година против службеното лице -----------, член на Управниот одбор во Агенција ----------- и член на Управен одбор на ----------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но поради застареност на прекршокот, не може да поведе прекршочна постапка.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичка состојба.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-370/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето --------- со бр. 09-2480/1 од 18.03.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Управниот одбор во Агенција ------- во исто време ја врши

и функцијата член на Управен одбор на ----------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ---------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-370/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете наведни функции.
Врз основа на доставениот допис, Доставување на информација со бр. 09-370/3 од 01.03.2024 година од страна на ----------------, ДКСК утврди дека од страна на Владата на РСМ е донесено Решение за разрешување од должност претседател и членови и именување на претседател и членови на Управниот одбор на ----------- на РСМ со бр. -----------од 13.02.2024 година, со кое наведеното лице е разрешено од функцијата член на Управниот одбор на Агенција ------------.
По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека лицето ---------- го прекршила член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи во период од 15.07.2021 година до 13.02.2024 година била именувана за вршење на функцијата член на Управен одбор на ----------- и вршела функција на член на Управниот одбор во Агенција ----------, но поради тоа што се поминати две години од денот кога е сторен прекршокот ДКСК не може да поведе прекршочна постапка. Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.Д. – член на ДКСК